Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 септември 2020 година

Скопје, септември 2020 година

## З А П И С Н И К
## од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 септември 2020 година

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси Љупчо Николовски.

На седницата присуствуваа м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за образование и наука и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Информација за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање - Трет чекор во процесот, доделување на Цели на способности

- Информација за потребата од запишување на корисничкото право на земјиштето на Армискиот полигон Криволак на Министерството за одбрана

1. Записник од Четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 28 септември 2020 година

2. Годишна сметка за 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, Годишен извештај за работењето во 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Извештај на независниот ревизор и со предлог-одлуки

3. Годишна сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје и Годишен извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со Извештај на независниот ревизор и со предлог-одлуки

4. Годишна сметка за 2018 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје и Годишен извештај за работењето во 2018 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Извештај на независниот ревизор, со дополнувања и со предлог–одлуки

5. Годишна сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје и Годишниот извештај за работењето со финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2019 година на

Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со предлог-одлуки

6. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ на Казнено поправна установа Затвор Гевгелија, со Предлог-одлука

7. Барање од Јавното претпријатие Колекторски систем за обезбедување на средства

8. Информација за потребата за продолжување на рокот на отплата кај кредитите од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) - КОВИД 1, односно од Фондот за Енергетска ефикасност чии средства се пласираат под условите на ПКФ

9. Предлог–одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цената за објавување на огласи, акти и неважечки документи во службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“

10. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево” - Битола за 2019 година

11. Ценовник на ЈП „Стрежево” - Битола за висината на цената за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за регулаторен период 2021-2023, со Предлог-одлука

12. Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие „Студенчица" Кичево, со Предлог - одлука

13. Информација за давање на согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ Лисиче - Велес кон ЈКП Дервен Велес за регулиран период 2021-2023 година, со Предлог–одлука

14. Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година, со Предлог–одлука

15. Годишна сметка и Финансиски извештаи за период од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2019 година, со предлог-одлуки

16. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станови, локали, магацини и паркинг места во подрум и Предлог-одлука за давање

согласност на Одлуката за утврдување продажна цени за објект ГП 1.12 Реонски центар Аеродром во Скопје

17. Информација за распределба на добивка на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2019 година, со Предлог-одлука

18. Информација за одлука за висината на трошоците за издавање на овластување на субјектите за вршење обука и издавање на сертификат за завршена обука за ветеринарна фармаколошка внимателност или завршена специјализација по ветеринарна фармаколошка внимателност, со Предлог-одлука

19. Предлог-одлука за висината на трошоците за овластување на субјектите како Национален центар за информирање за ветеринарно-медицинските препарати

20. Информација за Правилник за дополнување на Правилникот за информации поврзани со храната, со Предлог-одлука

21. Информација во врска со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Северна Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата, со Предлог - одлука

22. Решенија за отстапување на одземени предмети (вкупно 10 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка, со предлог-одлуки и предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност (2)

23. Информација за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на лекови „САГЕН“, ДОО Илинден, со Предлог-одлука

24. Информација за преземените активности во Централен регистар на Република Северна Македонија за измени и дополнувања на Тарифата на Централниот регистар во насока на утврдување на надоместокот на услуги за упис и промени во заложниот регистар во смисла електронскиот начин и услуги да се поевтини и подостапни во споредба со хартиените услуги и да се користат како поприфатлива и поисплатлива можност

25. Информација за тужбата поднесена од Република Северна Македонија - Министерство за транспорт и врски против тужениот Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги „Бибај“ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, по основ раскинување на договор во вредност 12.350.000,00 денари

26. Предлог - одлука за запишување право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија ДП 03-229/20 (КО Гостивар)

27. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствар во корист на Република Северна Македонија во катастарот на недвижности ДП Кочани - 03-348/20

28. Информација за отпочнување постапка за донесување нов закон за начинот и постапката на давање под краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија предвидено за плажи

29. Информација со Предлог-одлука за пренесување во сопственост без надоместок на недвижни ствари на Општина Демир Капија

30. Предлог-одлука за пренесување на право на сопственост на Општина Куманово

31. Информација во врска со потребата од пренесување на право на сопственост на недвижна ствар, во државна сопственост, на Општина Чашка, без надоместок за која во Катастарот на недвижности е запишано право на користење на Општина Чашка, со предлог–одлуки

32. Предлог - одлука за давање на согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70% од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела

33. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговија

34. Информација за потребата од склучување на Амандман на Договорот за заем за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридорот 10

35. Информација за Програмата на економски реформи 2021-2023 година со Акциски план за спроведување на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог од 19 мај 2020 година

36. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2019 година

37. Информација во врска со донесување на Решение за изменување на Решението за определување на членови на Комитетот за градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог - решение

38. Информација за напредокот на проектот Изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, за период до 31.3.2020 година

39. Информација за Извештајот за реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015-2020 (за период 2018 - прва половина на 2019 година)

40. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2020 година

41. Информација за систем за следење на планирање и трошење на јавни средства
42. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Псача - Дикина маала - Радуев рид, КО Псача и КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог-одлука

43. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација, КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

44. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Долно Лисиче-вонград, Општина Аеродром, со Предлог-одлука

45. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

46. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

47. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Усје, Општина Кисела Вода, со Предлог-одлука

48. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Долнени за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Долнени, Општина Долнени, со Предлог-одлука

49. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Кадино, Општина Илинден, со Предлог-одлука

50. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на приклучок и пристапен пат до МХЕЦ Острилска со реф.бр. 235 КО Острилци, Општина Крушево, со Предлог-одлука

51. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Росоман, Општина Росоман, со нов текст на Предлог-одлука

52. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура - производство на електрична енергија (фотоволтаични панели) КО Чифлик, Општина Чешиново - Облешево, со Предлог-одлука

53. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г3-сервиси КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог-одлука

54. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производен комплекс) КО Сарај, Општина Сарај, со Предлог-одлука

55. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вонградежен, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

56. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110 kV далекувод ТС Штип-ТС Пробиштип, Општина Штип, Општина Пробиштип и Општина Карбинци, со Предлог-одлука

57. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Орешани, Општина Зелениково, со Предлог-одлука

58. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Зоран Петровски, ул. „Бојмија“ бр.4-21, Скопје, со Предлог-одлука

59. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со КПУ Затвор-Прилеп, ул. Крушевски пат бб, Прилеп, со Предлог-одлука

60. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со ДГПТУ „Ворлд Бусинесс“, ДОО Скопје, со Предлог-одлука

61. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство трговија и услуги „Агро треф“, ДОО, с. Долни Подлог, Кочани, со Предлог-одлука

62. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Стенлеј “, ДООЕЛ Свети Николе, со Предлог-одлука (39-2826)

63. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Зоран Петровски, ул. „Бојмија“ бр.4-21, Скопје, со Предлог-одлука

64. Информација во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на метални минерални суровини на локалитетот „Зелен Град-Јамиште“, Општина Пробиштип и Општина Кратово, со Предлог-одлука

65. Информација во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на метални минерални суровини на локалитетот „Горно Кратово“, Општина Кратово, со Предлог-одлука

66. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „КО Желино“, Општина Желино, со Предлог-одлука

67. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Габосово Рамниште“, Општина Прилеп, со Предлог-одлуки

68. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука

69. Предлог-одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот „Двориште“, Општина Берово на Друштвото за производство, трговија и услуги „Резервоар минералс ДВБ“, ДООЕЛ Скопје

70. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп

71. Предлог-одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“, Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустриски комбинат СИЛЕКС акционерско друштво - Кратово

72. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија „Крин-производство“, ДОО, увоз-извоз с. Беровци, Прилеп на локалитетот „с. Беловодица“, Општина Прилеп

73. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на Акционерско друштво индустрија за градежни материјали Еленица Струмица на локалитетот „с. Раборци“, Општина Струмица

74. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-манган на локалитетот „Стогово“- Општина Дебарца, Општина Дебар и Општина Струга

75. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

76. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан

77. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR 28“ во Сојузна Република Германија

78. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Humanitarian endevour 2020“ во Босна и Херцеговина

79. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ“ во Република Либан

80. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина

81. Предлог-одлука за продажба на движни ствари

82. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за внатрешни работи

83. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за образување Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија

84. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/849 на Советот од 18 јуни 2020 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против Иран

85. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/898 на Советот од 29 јуни 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП)2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела

86. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/651 на Советот од 14 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 во однос на рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки

87. Предлог-закон за изменување на Законот за научно-истражувачка дејност

88. Информација за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, со намена обезбедување на 165.000.000 денари за доделување на средства на државните студентски домови за трошоци за тековно работење во однос на режии за греење, електрична енергија, потрошена вода и други трошоци, со Предлог-одлука

89. Информација во врска со доставени Барања на приватниот партнер ДКТУ „Сархемс", ДООЕЛ Скопје во врска со реализирање на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР)

90. Понуда од нотар Тања Аспорова од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13 за КО Убого

91. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.73 за КО Горно и Долно Оризари на КП бр.684 викано место/улица Брест

92. Понуда од нотар Лидија Симонова Трајчева за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист број 8348 за КО Штип 1

93. Понуда од нотар Анита Адамчевска од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7329 за КО Центар 1, Имотен лист бр.111109 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.111108 за КО Центар 1

94. Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6515 за КО Центар 1, Имотен лист бр. 106303 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 106304 за КО Центар 1

95. Понуда од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.17894 за КО Битола 5

96. Понуда од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист бр.2-301 за КО Штип 5

97. Понуда од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист број 45312 за КО Битола 4

98. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6515 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.106303 за КО Центар 1

99. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за втора продажба со усно јавно наддавање доставен под И бр.627/2019, која ќе се одржи на 9 октомври 2020 година, за КО Горно Лисиче

100. Записник од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29 септември 2020 година, со Предлог-одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија. Предлагач: Управувачки комитет за координација и управување во системот за управување со кризи

101. Преглед на предлог-закони кои министерствата планираат да ги доставaт во владина постапка на разгледување во наредниот период, предлог - закони кои се усогласуваат со други одредби од материјални закони и приоритетни и предлог-закони кои Владата на Република Северна Македонија треба да ги утврди, а Собранието на Република Северна Македонија да ги донесе до крајот на 2020 година

102. Кадровски прашања

103. Прашања и предлози

104. Информација во врска со транспорт на пациенти дијагностицирани со високо заразни болести до специјализирани клиники

105. Извештај за финансиското работење, за периодот од 1.1.2020 до 31.3.2020 година, на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнување

106. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година

107. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за август 2020 година

108. Тримесечен финансиски извештај на Јавно претпријатие за берзанско работење „Агро – Берза“, Скопје, за период април-јуни 2020 година

109. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот јануари - март 2020 година

110. Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 октомври 2019 година до 31 декември 2019 година

111. Извештај за работа на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за период 1 јануари 2020 година - 30 јуни 2020 година

112. Информација во врска со Годишниот извештај за развојот на вршењето на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија

113. Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јули-декември 2019 година за „Меѓународниот аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" – Охрид на „ТАВ Македонија"

114. Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јануари-јуни 2020 година за „Меѓународниот аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" – Охрид на „ТАВ Македонија"

115. Тримесечен извештај за работа на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација, за период од август до ноември 2018 година

116. Втор тримесечен извештај за работа на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација (декември 2018 - февруари 2019 година)

117. Трет тримесечен извештај за работа на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација (март - мај 2019 година)

118. Четврти тромесечен извештај за работа на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација (јуни - септември 2019)

119. Извештај за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство за период 25.9.2020 година до 29.9.2020 година, со Прилог – табели

120. Информација за предлогот на Европската комисија за измена на Протоколот 4 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија по извршените консултации со надлежните институции

121. Информација во врска со Одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Штип, со Предлог - одлука

122. Информација за состојбата во установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки /центри за ран детски развој за време на пандемија COVID-19

123. Информација за реализација на проектот реконструкција на спортски терен во с. Чегране, Гостивар

124. Предлог-одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела" во времето од 5 до 11.10.2020 година

*

*         *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Информација за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање - Трет чекор во процесот, доделување на Цели на способности**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во НАТО Процесот на одбранбено планирање – Трет чекор во процесот, доделување на Цели на способности и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да ги прифати предложените Цели на способности и наведените распоредливи способности за НАТО предводени операции.

2. Се задолжува Министерството за одбрана редовно да ги следи сите обврски за Република Северна Македонија, да ги информира сите вклучени институции за следните чекори и да го координира целокупниот процес.

3. Се задолжува Министерството за одбрана по завршувањето на НАТО работилниците од НАТО процесот на одбранбено планирање – Трет чекор во процесот, а најдоцна до 15 декември 2020 година, да ја информира Владата за постигнатиот напредок, како и за обврските и задолженијата кои ги имаат и останатите институции вклучени во овој процес.

Истовремено, министерот за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска изврши презентација и ги информираше членовите на Владата за учеството на Република Северна Македонија во НАТО процесот на одбранбено планирање - Трет чекор во процесот доделување на Цели на способности.

- **Информација за потребата од запишување на корисничкото право на земјиштето на Армискиот полигон „Криволак" на Министерството за одбрана**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од запишување на корисничкото право на земјиштето на Армискиот полигон „Криволак" на Министерството за одбрана и ја усвои со следните нови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности да изврши идентификација на сите катастарски парцели кои припаѓаат на Армискиот полигон „Криволак" и парцелите за кои што е потребно запишување на корисничкото право.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена да ја информира Владата за површините од ловишта кои се преклопуваат со вака дефинираните граници и површина на Армискиот полигон „Криволак" и кои треба да се дефинираат како неловни површини и доколку истите се веќе дадени под концесија, да извести под какви услови тие површини можат да се изземат од концесиите.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена да ја информира Владата за сите договори кои ги имаат склучено со физички и правни лица за користење на земјоделско земјиште кое се наоѓа во рамки на вака дефинираните граници и површина на АП „Криволак", дали истите се почитуваат од страна на концесионерите и под кои услови истите можат да се раскинат.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да изврши запишување на корисничкото право на целокупното земјоделско земјиште од Армискиот полигон „Криволак" на Министерството за одбрана и спроведување на уписот во Агенцијата за катастар на недвижности (рок- март 2021 година).

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 28 септември 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Владата го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да се овозможи продолжен престој на учениците во основните училишта за одделенијата кои ќе започнат настава со физичко присуство.

Продолжениот престој да се организира и реализира со ученици од иста паралелка и од исто одделение (без мешање на различни паралелки и одделенија).

Согласно ова, Владата го прифати изменетиот нов План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година - Прилог број 51, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да отпочнат со работа дневните центри за лица со попреченост, со строго почитување на мерките и објавениот Протокол за работа на дневните центри за деца/лица со попреченост, во услови на епидемија со COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/20).

3. Го прифати Протоколот за работа на игротеките во услови на епидемија со COVID-19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

4. Го прифати Протоколот за работа на филмски сет во услови на епидемија со COVID-19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од продуцентската куќа „Скопје Филм Студио“, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 2**

Владата по Годишната сметка за 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, Годишниот извештај за работењето во 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, со Извештај на независниот ревизор и со предлог-одлуки (нов текст), ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на Годишниот извештај за работењето во 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ – Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Годишната сметка за 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ – Скопје, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата утврдена со Годишната сметка за 2016 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ – Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, за

преземање мерки за намалување на загубата, подмирување на обврските и подобрување на наплатата.

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје и Годишниот извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, со Извештај на независниот ревизор и со предлог-одлуки ги донесе:

- Одлуката за давање на согласност на Годишната сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, во предложениот текст;

- новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, во предложениот текст;

- новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за покривање на загубата утврдена со Годишната сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, за преземање мерки за намалување на загубата, подмирување на обврските и подобрување на наплатата.

**Точка 4**

Владата по Годишната сметка за 2018 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје и Годишен извештај за работењето во 2018 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, со Извештај на независниот ревизор, со дополнувања и со предлог – одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на Годишниот извештај за работењето во 2018 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Годишната сметка за 2018 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, во предложениот текст.

3. Новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за покривање на загубата утврдена со Годишната сметка за 2018 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, во предложениот текст.

Истовремено Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, за преземање мерки за намалување на загубата, подмирување на обврските и подобрување на наплатата.

**Точка 5**

Владата по Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје и Годишниот извештај за работењето со финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, со предлог-одлуки , ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност на Годишниот извештај за работењето со финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, во предложениот текст;

2. Одлуката за давање на согласност на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје, во предложениот текст и

3. Одлуката за давање на согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето искажани во Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, Јавното претпријатие нето добивката да ја уплати во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" на Казнено поправна установа „Затвор Гевгелија", со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" на Казнено поправна установа „Затвор Гевгелија", во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид законската обврска на Јавното претпријатие за уплата на дел од средствата во Буџетот на Република Северна Македонија, согласно мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 7**

Владата го разгледа Барањето од Јавното претпријатие „Колекторски систем" за обезбедување на средства и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста со Ребалансот на Буџетот за 2020 година да обезбеди дел од потребните средства, согласно Барањето од Јавното претпријатие „Колекторски систем“ за обезбедување на средства.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги предвиди дел од потребните финансиски средства во буџетското барање за 2021 година, а Министерството за финансии да ги има предвид истите при подготовка на Предлог-Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

3. Се задолжува Јавното претпријатие „Колекторски систем“ да подготви План за реализација на сите обврски кои ги има Јавното претпријатие „Колекторски систем“ во наредниот период.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за продолжување на рокот на отплата кај кредитите од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) - КОВИД 1, односно од Фондот за Енергетска ефикасност чии средства се пласираат под условите на ПКФ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да склучи Анекс кон Договорот за администрирање на Посебен кредитен фонд (ПКФ) бр.21-307/1 од 24.1.2011 година со кој ќе се овозможи, на барање на крајните корисници Развојната банка на Северна Македонија да може да одобрува продолжување на грејс периодот не повеќе од три месеци, како и соодветно продолжување на рокот на отплата на главницата не повеќе од три месеци.

2. Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија да објави на веб страницата во траење од најмалку седум дена за можноста за продолжување на грејс периодот за најмногу три месеци, односно продолжување на периодот на отплата за најмногу три месеци.

3. Се усвојува измена бр.2 на Список бр.3.

4. Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија на компаниите од приложените Список 1, Список 3 и Список 4 кои не ги склучиле договорите за кредит и не воспоставиле обезбедување да им дадат дополнителен рок од десет дена за склучување на договорите за кредит и воспоставување на обезбедување, по што доколку не постапат ќе се смета дека се откажале од склучувањето на договорот и се бришат од списоците на одобрени кредити.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цената за објавување на огласи, акти и неважечки документи во службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево“-Битола за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата по новиот текст на Ценовникот на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола за висината на цената за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола за висината на цената за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата по новиот текст на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ кон корисниците на Јавното претпријатие „Студенчица“, Кичево ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ кон корисниците на Јавното претпријатие „Студенчица“, Кичево, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ Лисиче - Велес кон ЈКП Дервен Велес за регулиран период 2021-2023 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ „Лисиче“ - Велес кон ЈКП „Дервен“- Велес за регулиран период 2021-2023 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности „Хидросистем Злетовица“-Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година (нов текст), со Предлог -одлука и по Ценовникот ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности „Хидросистем Злетовица“-Пробиштип за регулиран период 2021-2023 година, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата по Годишната сметка и Финансиски извештаи за период од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2019 година, со предлог-одлуки ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи за период од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст,

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје за 2019 година, во предложениот текст,

3. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје за 2019 година -Кристијан Трајковски, Извршен член на Одбор на директори, во предложениот текст,

4. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје за 2019 година-Шукри Масурица, неизвршен член на Одбор на директори, во предложениот текст,

5. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје за 2019 година-Џеват Исени, Претседател на Одбор на директори, во предложениот текст,

6. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје за 2019 година-Вангел Андрески, Претседател на Одбор на директори, во предложениот текст,

7. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје за 2019 година-Силвана Јовчевска, независен неизвршен член на Одбор на директор, во предложениот текст,

8. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2018 година- Александар Цуцулоски, неизвршен член на Одбор на директори, во предложениот текст и

9. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станови, локали, магацини и паркинг места во подрум и

– Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажни цени за објект ГП 1.12 Реонски центар Аеродром во Скопје, во предложените текстови.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за одлука за висината на трошоците за издавање на овластување на субјектите за вршење обука и издавање на сертификат за завршена обука за ветеринарна фармаколошка внимателност или завршена специјализација по ветеринарна фармаколошка внимателност, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за висината на трошоците за издавање на овластување на субјектите за спроведување обука и издавање на сертификат за завршена обука за ветеринарна фармаколошка внимателност или завршена специјализација по ветеринарна фармаколошка внимателност, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за висината на трошоците за издавање на овластување на субјектите како Национален центар за информирање за ветеринарно-медицинските препарати, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за Правилникот за дополнување на Правилникот за информации поврзани со храната, со Предлог – одлука ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Правилникот за дополнување на Правилникот за информации поврзани со храната, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Северна Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Северна Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата по Решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 10 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка, со предлог-одлуки и предлог-одлуките за престанок на важење на одлуките за давање согласност (2), ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (автобус МАН 422 FRN), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв АУДИ А6), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (пмв Форд галакси), во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ„Национален парк Галичица“ Охрид Република Северна Македонија (тмв Фиат Дуакто махи), во предложениот текст.

5. Новиот текст на Одлуката за давање согласност  на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈУ „Национален парк Маврово“, Маврови Анови Република Северна Македонија (тмв Мерцедес Бенз), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за финансии - Царинска управа (тмв  Циторен џампер), во предложениот текст.

7. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување

со државните шуми „Национални шуми“ П.О- Скопје (тмв Мерцедес), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв БМВ), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Опел Вектра), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државен студентски дом „Никола Карев“ Охрид П.О. (пмв БМВ), во предложениот текст.

11. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука за Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

12. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Куманово, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на лекови „САГЕН“, ДОО Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-536/1 од 19.3.2018 година и бр. 09-536/2 од 2.7.2018 година склучен со Друштвото за производство на лекови „САГЕН“, ДООЕЛ Илинден, како закупопримач, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за преземените активности во Централен регистар на Република Северна Македонија за измени и дополнувања на Тарифата на Централниот регистар во насока на утврдување на надоместокот на услуги за упис и промени во заложниот регистар во смисла електронскиот начин и услуги да се поевтини и подостапни во споредба со хартиените услуги и да се користат како поприфатлива и поисплатлива можност и му препорача на Централниот регистар на Република Северна Македонија да продолжи со активности за промовирање на електронските услуги на е – залог и поволностите што се нудат преку електронското решение за водење на Заложниот регистар и да изготви анализа за степенот на искористеност на е – залог и влијанието на

намалените цени врз искористеноста на електронските услуги, а за резултатите да го извести Министерството за финансии до крајот на декември 2020 година.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за тужбата поднесена од Република Северна Македонија - Министерство за транспорт и врски, против тужениот Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги „Бибај“ ДООЕЛ, експорт-импорт, Тетово по основ раскинување на договор во вредност од 12.350.000,00 денари и притоа заклучи:

- Се формира работно тело составено од претставници од Министерството за транспорт и врски, Општина Аеродром и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, кое да се состане во рок од пет дена, со цел изнаоѓање на соодветно решение за надминување на проблемот на Друштвото за производство, транспорт, трговија и услуги „Бибај ДООЕЛ“, експорт-импорт, Тетово, со Општина Аеродром, во врска со недобивањето на дозволата за градба на предметната локација на подрачјето на Општината.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го одложи разгледувањето на новиот текст на Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствар во корист на Република Северна Македонија во катастарот на недвижности за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија во прилог на материјалот да достави позитивно мислење од Министерството за транспорт и врски и редакциски усогласен текст на Предлог-одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст Информацијата за отпочнување постапка за донесување нов закон за начинот и постапката на давање под краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија предвидено за плажи, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски, во рок од еден месец, да одржи средба со Општините Охрид, Струга, Дебарца, Ресен и Дојран во однос на начинот и постапката на давање под краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое со урбанистички план или урбанистичка планска документација е предвидено за плажи и за тоа да ја информира Владата.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за пренесување во сопственост без надоместок на недвижни ствари на Општина Демир Капија (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Демир Капија, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од пренесување на право на сопственост на недвижна ствар, во државна сопственост, на Општина Чашка, без надоместок за која во Катастарот на недвижности е запишано право на користење на Општина Чашка, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Чашка, текст усогласен со Секретаријатот за законодавство.
Истовремено, Владата заклучи Предлог - одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Чашка, да се разгледа на втората наредна седница на Владата, по извршениот упис и спроведување на Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Чашка, во Катастарот на недвижности.

## Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70% од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го разгледа Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот трговија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници Биљана Додевска, државен советник во Министерството за економија и Илир Шабани, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Амандман на Договорот за заем за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридорот 10 (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа и прифати текстот на Амандманот на Договорот за заем за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридорот 10.

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Амандманот на Договорот за заем за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридорот 10.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“–Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски, во рок од 7 дена од завршувањето на ревизијата, односно проценките и анализите на овој проект од страна на независниот консултант кој ќе го ангажира Европската банка за обнова и развој, да подготват и достават Информација до Владата, за планираниот процес за набавка за извршување на преостанатите работи, како и да дадат предлог за активностите кои треба да се преземат за да се обезбедат евентуално дополнителните средства потребни за да може тендерскиот процес за преостанатите работи да се реализира во целост.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата на економски реформи 2021-2023 година со Акциски план за спроведување на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог од 19 мај 2020 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Министерството за здравство и Генералниот секретаријат, а се препорачува на Народната Банка на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во рок од 5 дена до Министерството за финансии - Националниот координатор за подготовка на Програмата за економски реформи, да достават предлози на активности и рокови за нивна реализација преку кои ќе се исполнат заедничките заклучоци наведени во Акцискиот план за реализација на препораките усвоени на Економско –финансискиот дијалог од 19 мај 2020 година.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука,

Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за здравство, а се препорачува на Бирото за јавни набавки, Фондот за иновации и технолошки развој и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во рок од 3 дена до Министерството за финансии да достават дијагностика со предлог-реформски мерки, согласно своите надлежности, кои ќе бидат составен дел од првата нацрт верзија на Поглавје 5 од Програмата на економски реформи 2021 – 2023.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Министерството за здравство и Генералниот секретаријат, а се препорачува на Народната Банка на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во два наврати, еднаш до 2 октомври 2020 година и еднаш до 4 декември 2020 година до Министерството за финансии–Националниот координатор за подготовка на Програмата за економски реформи да достават детални известувања за реализацијата на активностите со кои се исполнуваат препораките во нивна надлежност, согласно Акцискиот план за реализација на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог од 19 мај 2020 година.

## Точка 36

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2019 година.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Решение за изменување на Решението за определување на членови на Комитетот за градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за определување на членови на Комитетот за градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот на проектот Изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце" помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, за период до 31.3.2020 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ја информира Владата за начинот како ќе се обезбедат преостанатите 50% од средствата потребни за затворање на финансиската конструкција за изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце" помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, во рок од 15 дена.

**Точка 39**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Извештајот за реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015 – 2020 (за периодот 2018 - прва половина на 2019 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Извештајот за реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015 – 2020 (за периодот 2018 - прва половина на 2019 година).

2. Се задолжува Министерството за локална самоуправа во соработка со Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, Министерство за образование и наука, Министерство за култура, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Секретаријат за европски прашања, Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Агенција за млади и спорт, Агенција за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, Центар за управување со кризи, Центар за стручно образование и обука, ЈУ Центар за образование на возрасните, Дирекција за технолошки индустриски развојни зони, Дирекција за заштита и спасување, Управа за заштита на културното наследство, Биро за регионален развој и Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата да пристапи кон инклузивна подготовка на нова програма за децентрализација со акциски план која ќе ги покрие периодот 2021-2026 година и да ја достави до Владата за разгледување и усвојување, најдоцна до крајот на ноември 2020 година.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2020 година(*), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за систем за следење на планирање и трошење на јавни средства, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии при подготовка на системот IFMIS, да ги инкорпорира активностите содржани во оваа Информација.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Псача - Дикина маала - Радуев рид, КО Псача и КО

Петралица, Општина Ранковце, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Псача - Дикина маала - Радуев рид, КО Псача и КО Петралица, Општина Ранковце, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усогласи текстот на Предлог-одлуката со Агенцијата за катастар на недвижности, во делот на катастарската класа за КП бр.4367-дел, вм. Поповска маала, катастарска култура ливада, како и да обезбеди допис од Агенцијата за тоа, дали се работи за приватно земјиште и дали има прибележано закуп на истото.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација, КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација, КО Горно Соње, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Долно Лисиче-вонград, Општина Аеродром, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Долно Лисиче – вонград, Општина Аеродром, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Ракотинци, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка

планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Ракотинци, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Усје, Општина Кисела Вода, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Усје, Општина Кисела Вода, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Долнени за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Долнени, Општина Долнени, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Долнени за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Долнени, Општина Долнени, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Кадино, Општина Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување, КО Кадино, Општина Илинден, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата на предлог на Кристина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за

изградба на приклучок и пристапен пат до МХЕЦ „Острилска“ со реф.бр.235 КО Острилци, општина Крушево, со Предлог-одлука.

**Точка 51**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Росоман, Општина Росоман, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Росоман, Општина Росоман, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура - производство на електрична енергија (фотоволтаични панели) КО Чифлик, Општина Чешиново - Облешево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура - производство на електрична енергија (фотоволтаични панели) КО Чифлик, Општина Чешиново-Облешево, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г3-сервиси КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г3-сервиси КО Куманово, Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата на предлог на д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производен комплекс) КО Сарај, Општина Сарај, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

## Точка 55

Владата на предлог на д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вонградежен, Општина Сопиште, со Предлог -одлука, за наредната седница на Владата.

## Точка 56

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110 kV далекувод ТС Штип-ТС Пробиштип, Општина Штип, Општина Пробиштип и Општина Карбинци, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110 kV далекувод ТС Штип-ТС Пробиштип, Општина Штип, Општина Пробиштип и Општина Карбинци, во предложениот текст.

## Точка 57

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Орешани, Општина Зелениково, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Орешани, Општина Зелениково, во предложениот текст.

## Точка 58

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Петровски, ул. „Бојмија“ бр.4-21, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со КПУ Затвор – Прилеп, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за

склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со КПУ Затвор - Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со ДГПТУ „Ворлд Бусинесс", ДОО, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство трговија и услуги „Агро треф", ДОО, с. Долни Подлог, Кочани, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Стенлеј" ДООЕЛ, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Зоран Петровски, ул. „Бојмија" бр.4-21, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата по новиот текст на Информацијата во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на метални минерални суровини на локалитетот „Зелен Град-Јамиште" Општина Пробиштип и Општина Кратово, со Предлог-одлука, не ја донесе Предлог-одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина -метални минерални суровини на Друштвото за трговија и услуги Калтун Медденџилик ДОО Скопје на локалитетот „Зелен Град-Јамиште" Општина Пробиштип и Општина Кратово, имајќи го предвид негативното Мислење на

Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина.

**Точка 65**

Владата на предлог на д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на металични минерални суровини на локалитетот „Горно Кратово“, Општина Кратово, со новиот текст на Предлог – одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 66**

Владата на предлог на д- р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „КО Желино“ Општина Желино, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 67**

Владата на предлог на д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Габосово Рамниште“, Општина Прилеп, со предлог-одлуки.

**Точка 68**

Владата на предлог на д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Бела вода и чаршија“, Општина Ѓорче Петров, за наредната седница на Владата.

**Точка 69**

Владата на предлог на д- р Христина Оџаклиеска, заменик-министерот за животна средина и просторно планирање, го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–бакар и злато на локалитетот „Двориште“, Општина Берово на Друштвото за производство, трговија и услуги „Резервоар минералс ДВБ“, ДООЕЛ Скопје, за наредната седница на Владата.

## Точка 70

Владата на предлог на д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–мермер на локалитетот „с. Вепрчани“, Општина Прилеп за наредната седница на Владата.

## Точка 71

Владата на предлог на заменикот на министерот за животна средина и просторно планирање, д-р Христина Оџаклиеска ја одложи од разгледување Предлог–одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв”, Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустрискиот комбинат „Силекс“, Акционерско друштво – Кратово, за наредната седница на Владата.

## Точка 72

Владата на предлог на заменикот на министерот за животна средина и просторно планирање, д-р Христина Оџаклиеска го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија „Крин-производство“, ДОО, увоз-извоз с. Беровци, Прилеп на локалитетот „с. Беловодица“, Општина Прилеп за наредната седница на Владата.

## Точка 73

Владата на предлог на д-р Христина Оџаклиеска, заменикот на министерот за животна средина и просторно планирање го одложи за наредната седница разгледувањето на новиот текст на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на Акционерско друштво индустрија за градежни материјали „Еленица“-Струмица на локалитетот „с. Раборци“, Општина Струмица.

## Точка 74

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–манган на локалитетот „Стогово“- Општина Дебарца, Општина Кичево, Општина Дебар и Општина Струга, во предложениот текст.

## Точка 75

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR 28" во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Humanitarian endevour 2020" во Босна и Херцеговина, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ" во Република Либан (нов текст), ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог, Собранието да ја донесе.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА", во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог, Собранието да ја донесе.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 81**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (опрема, ситен инвентар и потрошни средства), во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи (нов текст), (КП бр.2147/1 во КО Маџари, ИЛ бр. 680), во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Предлог- одлуката за изменување на Одлуката за образување Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија (нов текст) и ја донесе Одлуката, со заклучок, текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/849 на Советот од 18 јуни 2020 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против Иран, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/898 на Советот од 29 јуни 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела, во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/651 на Советот од 14 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 во однос на рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, со намена обезбедување на 165.000.000 денари за доделување на средства на државните студентски домови за трошоци за тековно работење во однос на режии за греење, електрична енергија, потрошена вода и други трошоци, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во

посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, со заклучок наместо планираните 165.000.000 денари, да бидат 106.000.000 денари.

Текстот на Одлуката согласно горенаведеното да го коригира Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за финансии и да го достави до Владата.

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставени Барања на приватниот партнер ДКТУ „Сархемс", ДООЕЛ, Скопје во врска со реализирање на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР), со текст на Договор и дополнување и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат/им се препорачува на надлежните институции и тоа Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, АД „М-НАВ", Агенцијата за цивилно воздухопловство, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и другите надлежни институции засегнати за реализација на овој проект, да пристапат кон склучување на меморандуми за соработка со приватниот партнер ДКТУ „Сархемс", ДООЕЛ, со цел овозможување на функционална соработка, градење на локални капацитети со локален персонал и упатување на персонал од составот на наведените институции на работа/ должност во приватниот партнер, заради реализација на член 6 точка 7 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (SAR).

2. За проектен менаџер се определува д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

3. Со цел реализација на член 6 точка 1 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (SAR), а заради непречено воспоставување, подготовка, организирање и функционирање на HEMS и SAR услугите, се формира проектен тим, за што се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ", АД Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство во рок од три дена да достават номинации.

4. Со цел реализација на член 6 точка 2 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање современа модерна организација -

платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (SAR), Владата ги задолжи Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за катастар на недвижности и Управата за имотно-правни работи, да обезбедат локација за сместување на приватниот партнер.

5. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, да подготви и до Владата да достави соодветни правни акти – со кои се регулира итно згрижување на лица повредени во патниот сообраќај односно болни лица на кои им е потребна итна медицинска помош, со која ќе се пропишат критериумите за користење на воздушните летала за превезување на повредени лица во патниот сообраќај, односно болни лица, составот и стручната оспособеност на медицинските екипи и начинот на финансирање на давањето помош со воздушните летала (член 66-ж од Законот за јавни патишта), и со кои ќе се регулира прибирањето на надоместокот од столбовите на финансирање, согласно член 6 точка 5 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (SAR).

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности и општините опфатени во Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР) да предложат и до Владата да достават локации/места за слетување и полетување на хеликоптери, заради реализација на член 7 точка 6 од Договорот.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид укажувањата во мислењата на Министерството за внатрешни работи, АД „М-НАВ“, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување.

## Точка 90

Владата ја разгледа Понудата од нотар Тања Аспорова од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13 за КО Убого и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 91

Владата ја разгледа Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.73 за КО Горно и Долно Оризари на КП бр.684 викано место/улица Брест и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Симонова-Трајчева за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист број 8348 за КО Штип 1 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Понудата за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7329 за КО Центар 1, Имотен лист бр.111109 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.111108 за КО Центар 1, доставена од нотар Анита Адамчевска од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6515 за КО Центар 1, Имотен лист бр. 106303 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 106304 за КО Центар 1 и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александра Петровска-Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.17894 за КО Битола 5 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист бр.20301 за КО Штип - 5 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 97**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист број 45312 за КО Битола 4, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата до Владата мислење да достави АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 98**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6515 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 106303 за КО Центар 1, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со

деловен простор од значење за Републиката – Скопје да достави мислење по Понудата и истата повторно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 99**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за втора продажба со усно јавно наддавање доставен под И бр.627/2019, која ќе се одржи на 9 октомври 2020 година, за КО Горно Лисиче и по Известувањето ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 100**

Владата го разгледа Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29 септември 2020 година, со Предлог – одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Третата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29 септември 2020 година.

2. Ја утврди Предлог-одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризна состојба до 31 март 2021 година) и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Венко Филипче, министер за здравство, а за повереник м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

## Точка 101

Владата го разгледа Прегледот на предлог-закони кои министерствата планираат да ги достават во владина постапка на разгледување во наредниот период, предлог-закони кои се усогласуваат со други одредби од материјални закони и приоритетни и предлог-закони кои Владата на Република Северна Македонија треба да ги утврди, а Собранието на Република Северна Македонија да ги донесе до крајот на 2020 година, го усвои Прегледот и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за локална самоуправа и Министерството за информатичко општество и администрација да постапат по задолжението од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година и до 4 октомври 2020 година да го достават прегледот со предлог-закони.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за финансии до 4 октомври 2020 година до Владата да достават преглед со приоритетни предлог – закони кои произлегуваат од Четвртиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на COVID-19, што Владата треба да ги утврди, а Собранието на Република Северна Македонија да ги донесе до крајот на 2020 година.

## Точка 102

**1.** Владата го разреши м-р Роберт Алаѓозовски од должноста Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка, заклучно со 28 септември 2020 година, поради именување на друга функција.

1.1 .Владата го именува м-р Роберт Алаѓозовски за Национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка.

**2.** Владата го именува Роберт Поповски за Национален координатор за одговорно владеење и транспарентност.

**3.** Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија (Во Одлуката по алинејата „Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка“, се додаваат две нови алинеи:

- „Национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка.
- „Национален координатор за одговорно владеење и транспарентност“.

**4.** Го разреши Митко Трајчулевски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

**5.** Владата го разреши Бобан Црничиќ од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје, претставник на основачот, на негово барање.

Истовремено, Владата заклучи сите предлози на кадровски прашања, пред да бидат доставени за разгледување на седница на Владата, претходно да бидат разгледани од Комисијата за именување.

<u>Точка 103</u>

**1.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник „11 Октомври“ – Ден на народното востание ги донесе следните заклучоци:

1) Владината делегација во состав:

- м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања,
- д-р Бујар Османи , министер за надворешни работи,
- доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и
- Мила Царовска, министер за образование и наука, ќе присуствува на положување цвеќе во Прилеп на 11 октомври 2020 година.

2) Делегација во состав:

- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија,
- Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси,
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,
- д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика,
- Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и
- Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово ќе присуствува на положување цвеќе во Куманово на 11 октомври 2020 година.

Обраќање ќе имаат Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија и Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово, кое ќе биде согласно протоколите за заштита од COVID-19, без церемонии и бини.

3) Владината делегација во состав:

- м-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
- м-р Радмила Шекеринска- Јанковска, министер за одбрана,
- м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и

- Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, ќе присуствува на положување цвеќе во Скопје на споменикот пред зградата на Владата на Република Северна Македонија „Ослободители на Скопје“ на 11 октомври 2020 година.

Членовите на делегациите ќе бидат дополнително известени за терминот на одржување на активностите на положување цвеќе.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 21 септември 2020 година до 27 септември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата формира Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, во чиј состав да бидат Милаим Амети – Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции - претседател на Комисијата, Нина Фити-Неделковска – Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - член на Комисијата, Вјолца Ејупи - Министерство за економија - член на Комисијата, Елена Паговска-Пелтековски - Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - член на Комисијата и Катерина Стојановска – Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - член на Комисијата.

Согласно ова, Министерството за економија да подготви и до Владата да достави соодветен акт, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

**4.** Владата заклучи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за економија и Царинската управа, до наредната седница на Владата да доставаат номинации за членови, со цел формирање на комисија која ќе има за цел започнување на постапка за изработка на тендерска документација врз основа на изготвената физибилити студија за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за електронски систем за следење на акцизни добра.

**5.** Владата го разгледа Предлог-решението за именување на претседател, заменик претседател, членови и нивни заменици на Национален совет за информациски и комуникациски технологии и го донесе Решението, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата го задолжи Националниот совет за информациски и комуникациски технологии да подготви и за наредната седница на Владата да достави предлог-решение за именување на членови на Оперативното тело за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Националниот совет за информациски и комуникациски технологии.

**6.** Согласно одредбите на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, утврден од Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 септември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.232/20), Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија го назначи Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, за член на Владата одговорен за следење на спроведувањето на Кодексот.

**7.** Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Битиќи, информираше дека во име на Владата на Република Северна Македонија го потпишал Договорот за доделување на државна помош со компанијата ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп, согласно Извадокот бр.44-5340/1 и Одлуката бр.44-8127/1 од 3-та седница на Владата, одржана на 9.9.2020 година.

**8.** По повод укажувањето на Горан Милевски, министер за локална самоуправа, заклучи Министерството за локална самоуправа да подготви соодветен акт за распределба на средствата за поттикнување рамномерен локален развој, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за рамномерен регионален развој за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.140/20), а Секретаријатот за законодавство да даде позитивно мислење по истиот согласно одредбите од Уредбата.

**9.** Владата го разгледа и усвои Барањето на мислење по добиено писмо од Европската комисија - Генерален Директорат за миграции и внатрешни работи, доставено од Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, под бр.39-423/3 од 18.9.2020 година и воедно потврди континуирана посветеност за исполнување на целите и активностите кон обврските на Република Северна Македонија кои произлегуваат од заедничкиот Акциски план за борба против тероризмот.

**10.** Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, кое предлагачот ќе го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**11.** Владата заклучи предложениот текст на Нацрт- законот за решавање на спорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и „Макпетрол", АД Скопје по пат на спогодба да се разгледа на наредната седница на Владата.

**12.** Владата го разгледа Барањето на Бошњачкиот Национален Совет, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на

„28 Септември – Денот на Бошњаците“, го усвои Барањето и го донесе следниот заклучок: - Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата, од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, раздел 04001, Програма 1 – Администрација, Потпрограма 10 - Администрација, 464-Разни трансфери, да уплати 100.000 денари на Жиро сметка на Бошњачкиот Национален Совет.

## Точка 104

Владата ја разгледа Информацијата во врска со транспорт на пациенти дијагностицирани со високо заразни болести до специјализирани клиники Друштво за консултантски и транспортни услуги „Сархемс“, ДООЕЛ, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има во предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 105

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење за периодот од 1.1.2020 до 31.3.2020 година на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа, „Државна лотарија на Република Северна Македонија“, со дополнувањето како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 106

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година, како материјал за информирање, со укажување да се има предвид негативното мислење на Министерството за финансии со оглед дека Друштвото има остварено негативен финансиски резултат, а надлежните органи на Друштвото да преземат мерки за наплата на износот на побарувања во анализираниот период.

## Точка 107

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за август 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавно претпријатие за берзанско работење „Агро – Берза“- Скопје, за период април-јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јануари - март 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 110**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 октомври 2019 година до 31 декември 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. да го има предвид негативното мислење на Министерството за финансии, со оглед дека истото има прикажано определено зголемување на нематеријалните трошоци и тоа кај услуги за одржување и заштита, услуги на зимска служба и услуги од трети лица.

**Точка 111**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за период 1 јануари 2020 година - 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Годишниот извештај за развојот на вршењето на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јули-декември 2019 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид на „ТАВ Македонија“, како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јануари-јуни 2020 година за

„Меѓународниот аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" - Охрид на „ТАВ Македонија", како материјал за информирање.

**Точка 115**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација, за период од август до ноември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 116**

Владата го разгледа Вториот тримесечен извештај за работа на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација (декември 2018 - февруари 2019 година), како материјал за информирање.

**Точка 117**

Владата го разгледа Третиот тримесечен извештај за работа на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација (март - мај 2019 година), како материјал за информирање.

**Точка 118**

Владата го разгледа Четвртиот тримесечен извештај за работата на Комисијата за следење на постапките во врска со процесот за денационализација (јуни - септември 2019 година), како материјал за информирање.

**Точка 119**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство за период 25.9.2020 година до 29.9.2020 година, со Прилог – табели и заклучи:

1. Го усвои Извештајот и го прифати предлогот на Комисијата, односно

- даде согласност за организирање на настава со физичко присуство во наведените училишта од Табела бр.1, Табела бр.5, и Табела бр.6, кои се дадени во Прилог и се составен дел на овој заклучок.

- даде делумна согласност за организирање на настава со физичко присуство во наведените училишта од Табела бр.3 и Табела бр.4, кои се дадени во Прилог и се составен дел на овој заклучок.

2. Во однос на предлогот на Комисијата даден за основните и средните училишта од Табела бр.2 и Табела бр.7, Владата ја задолжи Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство, повторно да ги разгледа барањата од овие училишта со оглед на тоа што бројот на учениците во училница е помал од 20

(согласно Точка 13 од Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година), како и да се има предвид средината во која се наоѓаат овие училишта од аспект на гео-положбата (рурална средина, планински села), недостиг на компјутерска опрема, слаба покриеност со интернет комуникација и други околности кои не дозволуваат можност за организирање и следење на on-line настава.

Исто така да се разгледа можноста учениците од централните училишта каде се надминува дозволениот број на ученици, а каде постојат подрачни училишта од истите, учениците да се организираат да следат настава во подрачните училишта каде што постојат услови согласно Протоколот (20 ученици во училница).

Воедно, во врска со горенаведеното при разгледувањето на Барањата, Комисијата одделно да ги разгледува барањата на централните од подрачните училишта, имајќи го предвид фактот што ако во некое централно училиште не се исполнуваат условите, посебно во делот на простор, бројот на запишани ученици и другите критериуми, во подрачните училишта може да се исполнат истите за физичко присуство.

<u>Табела бр.1</u>

(**се дава согласност** за организирање на настава со физичко присуство во наведените основни училишта)

| Р. бр. ЦУ | Р. бр. ПУ | општина | централно/ подрачно | училиште | населено место/ локација | одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Арачиново | Барјам Шабани | Централно | с. Грушино | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 1 | Арачиново | Герѓ Кастриот Скендербеу | Подрачно | с. Мојанци | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 2 | Берово | Дедо Иљо Малешевски | Подрачно | с. Будинарци | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од шесто до деветто одделение, во смени. |
| | 3 | Берово | Дедо Иљо Малешевски | Подрачно | с. Двориште | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4 | Берово | Дедо Иљо Малешевски | Подрачно | с. Митрашинци | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од шесто до деветто одделение, во смени. |
| | 5 | Велес | Васил Главинов | Подрачно | с. Превалец (објект бр. 2) | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 6 | Велес | Васил Главинов | Подрачно | с. Раштани | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 7 | Велес | Кирил и Методиј | Подрачно | Црквино | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 8 | Велес | Панко Брашнаров | Подрачно | с. Башино село | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 9 | Велес | Панко Брашнаров | Подрачно | с. Караслари | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 10 | Велес | Панко Брашнаров | Подрачно | с. Чалошево | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од петто одделение. |
| 2 | | Велес | Стојан Бурчевски Буридан | Централно | с. Иванковци | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и дветто одделение. |
| | 11 | Велес | Стојан Бурчевски Буридан | Подрачно | с. Мамутчево | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од петто одделение. |
| | 12 | Велес | Стојан Бурчевски Буридан | Подрачно | с. Отовица | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | учениците од четврто и петто одделение. |
| | 13 | Велес | Стојан Бурчевски Буридан | Подрачно | с. Сојаклари | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и дветто одделение. |
| 3 | | Гостивар | Ѓон Бузуку | Централно | с.Србиново | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |
| | 14 | Гостивар | Ѓон Бузуку | Подрачно | с.Трново | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од шесто и седмо одделение. |
| | 15 | Гостивар | Ѓон Бузуку | Подрачно | с.Падалиште | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |
| | 16 | Гостивар | Ѓон Бузуку | Подрачно | с. Рафше Мало | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто одделение. |
| | 17 | Гостивар | Ѓон Бузуку | Подрачно | с. Граванец | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто одделение. |
| | 18 | Гостивар | Ѓон Бузуку | Подрачно | с. Страјане | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за ученикот од четврто одделение. |
| | 19 | Гостивар | Гоце Делчев | Подрачно | с. Тумчевиште | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 20 | Гостивар | Единство | Подрачно | с. Лакавица | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 21 | Гостивар | Единство | Подрачно | с. Беловиште | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| 4 | | Гостивар | Лирија | Централн о | с. Вруток | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |
| | 22 | Гостивар | Лирија | Подрачно | с. Речане | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 23 | Гостивар | Лирија | Подрачно | с. Равене | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 24 | Кратово | Кочо Рацин | Подрачно | с. Коњух | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 25 | Куманово | 11 Октомври | Подрачно | с. Речица | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| 5 | | Куманово | Браќа Миладинов ци | Централно | Куманово | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците во посебните паралелки со посебни образовни потреби од четврто до деветто одделение со согласност од родител. |
| | 26 | Куманово | Браќа Миладинов ци | Подрачно | с. Пчиња | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 27 | Куманово | Браќа Миладинов ци | Подрачно | с. Студена бара | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто одделение. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | | Куманово | Браќа Рибар | Централн о | с. Табановце | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 28 | Куманово | Браќа Рибар | Подрачно | с. Г. Којнаре | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 29 | Куманово | Браќа Рибар | Подрачно | с. Костурник | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 30 | Куманово | Браќа Рибар | Подрачно | с. Четирце | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| 7 | | Куманово | Вера Которка | Централно | с. Клечовце | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| 8 | | Куманово | Карпош | Централно | с. Умин Дол | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 31 | Куманово | Карпош | Подрачно | с. Љубодраг | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| 9 | | Куманово | Кирил и Методиј | Централно | с. Агино Село | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 32 | Куманово | Кочо Рацин | Подрачно | с. Биљановце | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 33 | Куманово | Кочо Рацин | Подрачно | с. Габреш | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за ученикот од петто |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | одделение. |
| | 34 | Куманово | Кочо Рацин | Подрачно | с. Градиште | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто одделение. |
| | 35 | Куманово | Кочо Рацин | Подрачно | с. Доброшане | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 36 | Куманово | Кочо Рацин | Подрачно | с. Кучкарево | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 37 | Куманово | Кочо Рацин | Подрачно | с. Орашац | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до дветто одделение. |
| | 38 | Куманово | Толи Зордумис | Подрачно | с. Режановце | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до дветто одделение. |
| | 39 | Куманово | Христијан Карпош | Подрачно | с. Тромеѓа | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 40 | Липково | Дитурија | Подрачно | с. Гошинце | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |
| | 41 | Липково | Дитурија | Подрачно | с. Лукаре | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |
| | 42 | Липково | Фаик Коница | Подрачно | с. Алашевце | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 43 | Липково | Фаик Коница | Подрачно | с. Извор | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за ученикот од четврто одделение. |
| | 44 | Липково | Фаик Коница | Подрачно | с. Руница | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |
| | 45 | Македонски Брод | Климент Охридски | Подрачно | с. Брест | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 46 | Македонски Брод | Климент Охридски | Подрачно | с. Косово | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 47 | Македонски Брод | Климент Охридски | Подрачно | с. Манастирец | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |
| | 48 | Македонски Брод | Климент Охридски | Подрачно | с. Самоков | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до деветто одделение. |
| | 49 | Македонски Брод | Климент Охридски | Подрачно | с. Суви Дол | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 50 | Македонски Брод | Климент Охридски | Подрачно | с. Требино | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 51 | Македонски Брод | Климент Охридски | Подрачно | с. Црешнево | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 52 | Неготино | Гоце Делчев | Подрачно | с. Долни Дисан | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | петто одделение. |
| | 53 | Охрид | Климент Охридски | Подрачно | с. Далјан | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто одделение. |
| 10 | | Пласница | Јунуз Емре | Централно | с. Лисичани | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 54 | Пласница | Јунус Емре | Подрачно | с. Вранештица | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто до осмо одделение. |
| | 55 | Пласница | Јунус Емре | Подрачно | с. Челопеци | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 56 | Пласница | Јунус Емре | Подрачно | с. Староец | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 57 | Прилеп | Блаже Конески | Подрачно | с. Варош | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 58 | Прилеп | Гоце Делчев | Подрачно | с. Радобил | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 59 | Прилеп | Кирил и Методиј | Подрачно | с. Бонче | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и петто одделение. |
| | 60 | Прилеп | Кирил и Методиј | Подрачно | с. Ерековци | Се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | учениците од четврто и петто одделение. |
